Друштво за осигурување

**ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје**

# УСЛОВИ
# ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ОБЈЕКТИ ВО ГРАДБА

Април 2019 година

**ПРЕДМЕТ НА ОСИГУРУВАЊЕ**
**Член 1**

Предмет на осигурување по овие Услови се:
- градежни објекти во градба, под кои се подразбираат и новоградби и реконструкции (поправки, доградби, надградби и сл.);
- градежен, занаетчиски, инсталациски материјал и целата опрема што е наменета исклучиво за вградување во осигурениот објект во градба;
- градежна опрема и помошни објекти што се опфатени во претсметковната вредност на објектот во градба и служат за изградба на градежниот објект (помошни згради, бараки, дрвени или ѕидани складишта, работилници, ресторани, подвижни скелиња и сл.), освен предметите што претставуваат основни и обртни средства на изведувачот на работите, односно осигуреникот.

Ако посебно се договори и ако се пресмета посебна премија, со осигурување може да се опфатат:
- постојните објекти на кои се врши реконструкција (поправка, доградба, надградба, адаптација и сл.);
- делови на објектот во градба, односно одредени градежни и занаетчиски работи што ги презел изведувачот на работите;
- помошен градежен материјал и алат во употреба;
- градежна опрема и помошните објекти што служат за изградба на градежниот објект и што воопшто не се или не се во целост опфатени во претсметковната вредност на објектот во градба;
- стационирани (усидрени) пловни возила, чамци, сплавови, понтони на вода и предметите на нив за време на градење на вода или на крајбрежјето;
- предметите на работниците;
- деловно-техничка документација, вклучувајќи ја и градежната книга (осигурување на „таксирана вредност”).

По овие Услови не може да бидат предмет на осигурување:
- нестационирани (неусидрени) пловни возила (чамци, сплавови, понтони, влекачи) и предметите на нив, моторни возила и приколки на суво, самоодни машини, летала;
- предметите во превоз надвор од градилиштето;
- пари и вредносни хартии;
- уривање на постојните објекти;
- основните и обртните средства на изведувачот на работите што не служат за самата градба, потоа инвентарот во канцелариите, работничките ресторани и во работничките станови, како и другите предмети што не служат за непосредна градба на осигурениот објект.

Не може да се осигура градежен објект ако на него не е вработен потребен број квалификувана стручна сила и ако градењето и работите не ги надгледуваат стручњаци со потребни стручни квалификации.
Осигурувањето не ги покрива штетите ако се пријавуваат на крајот на градењето или како список на недостатоци и штети без можност да се утврдат причината и времето на нивното настанување.

**ОСИГУРЕНИ ОПАСНОСТИ (РИЗИЦИ)**
**Член 2**

Осигурувачот е должен да исплати надомест во случај на штета предизвикана со уништување, оштетување или со исчезнување на осигурените предмети поради следниве основни опасности:
- пожар и удар од гром, експлозија, луња, град, манифестација и демонстрација, излевање на вода, мраз, лед и снег, снежна лавина, слегнување на почва;
- градежна незгода;
- несмасност, невнимание или лоша намера на работникот или на некое друго лице непосредно поврзано со градбата.

Ако посебно се договори и ако се пресмета дополнителна премија, осигурувачот е должен да исплати надомест на штета поради една или повеќе дополнителни опасности, според тоа како ќе се договори, и тоа:

- поплава и порој, висока вода и подземна вода;
- лизгање на почва;
- одронување на земјиште;
- зарушување на земјиште;
- одговорност од дејност на изведувачот на градежните работи кон трети лица и нивниот имот;
- осигурување на градежни работи во гарантен рок;
- провална кражба.

Осигурени се само оние опасности што се наведени во полисата и за кои е пресметана дополнителна премија.
Осигурувачот не е должен да исплати надомест на директна или индиректна штета што е предизвикана со нуклеарна реакција, нуклеарна радијација или радиоактивна контаминација.

**ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД ПОЖАР И УДАР ОД ГРОМ**
**Член 3**

Под пожар, во смисла на овие Услови, се смета оган настанат надвор од одредено огниште или оган што ова место го напуштил и е способен и натаму да се развива со својата сопствена сила.
Со осигурувањето од пожар е опфатен и ризикот самозапалување на залихи, доколку складирањето е извршено според прописите.
Не се смета дека настапил пожар и осигурувачот не е должен да исплати надомест доколку осигурениот предмет е уништен или оштетен:

- поради изложување на корисен оган или топлина заради обработка или за други цели (на пример: во преработка, при сушење, пржење, печење и сл.);
- поради осмадување, опрлување или прегорување од цигара, апарати за осветлување, искри и сл.;
- поради вриење или загревање, варење, димење и сл.

Со осигурувањето од опасност од пожар не се опфатени штетите на оџаците што настанале во врска со нивната функција.
Осигурувањето од удар од гром во смисла на овие Услови ги покрива штетите што на осигурените предмети ги предизвикал гром со дејствување на силата или на топлината, како и штетите од удар на предмети соборени од громот.

**ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД ЕКСПЛОЗИЈА**
**Член 4**

Под експлозија, во смисла на овие Услови, се смета ненадејно манифестирање сила заснована на тежнение на пареа или на гасови да се прошират.
Експлозија на садови под притисок (котли, цевки и сл.) постои само кога ѕидовите на садот се во толкава мера издупчени што настанува моментално изедначување на внатрешниот и надворешниот притисок. Доколку во внатрешноста на садот настанала експлозија поради хемиско претворање, штетата што од тоа ќе настане на садот е покриена со осигурување и тогаш кога ѕидовите на садот не се издупчени.
Со осигурувањето не се опфатени:

- штетите на предметите на осигуреникот предизвикани со минирања што се извршуваат во рамките на неговата дејност или во рамките на дозволената дејност на трети лица;
- штетите на машините предизвикани со експлозија во просторот за внатрешно согорување (цилиндар на мотор);
- штетите од експлозија што се нормална појава во процесот на производството;
- штетите од експлозивно издувување од печките и од сличните апарати;
- штетите од експлозија од биолошки карактер;
- штетите од експлозија на садовите под притисок од ставот 1, алинеја 2 од овој член поради дотраеност, истрошеност или прекумерни наслаги на 'рѓа, бигор, талог, тиња на осигурениот

предмет, но не се надоместуваат штетите на другите предмети во врска со настанатата експлозија;
- штетите поради пробивање на звучен ѕид.

**ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД ЛУЊА**
**Член 5**

Под луња, во смисла на овие Услови, се смета ветер со брзина од 17,2 м/сек., односно 62 км/час (силина од 8 степени по Бофоровата скала) или повеќе. Ќе се смета дека дувал ветер со оваа брзина во пределот каде што се наоѓа осигурениот предмет ако ветерот кршел гранки и стебла или оштетил редовно одржувани објекти. Во случај на сомневање, осигуреникот мора да ја докаже брзината на ветерот со извештај од Републичкиот хидрометеоролошки завод.
Штетите од луња се опфатени со осигурување ако се предизвикани механички оштетувања на осигурениот предмет:
- со непосредно дејствување на луњата;
- со директен удар на предмети соборени или носени од луњата;
- со нанесување на снег и ветер.
- Со осигурување од луња не се опфатени штетите:
- од продирање дожд, град, снег или други наноси низ отворен прозор или низ други отвори што постојат на зградата, освен ако отворите не настанале од луња, како и штетите од дожд и од други врнежи на предмети сместени на слободен простор;
- на градежни објекти што не се градат или не биле изградени според вообичаениот начин на градење на тоа место, кој е слабоодржуван или е дотраен;
- над тежината од снег предвидена со пропис.

**ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД ГРАД**
**Член 6**

Со осигурување се опфатени штети од уништување, односно оштетување на осигурените предмети што ги предизвикал градот со својот удар. Опфатени се и штети од продирање на град и дожд низ отвори настанати од паѓање на град.

**ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД МАНИФЕСТАЦИЈА И ДЕМОНСТРАЦИЈА**
**Член 7**

За манифестација и демонстрација, во смисла на овие Услови, се смета организирано или спонтано јавно покажување на нерасположение на група граѓани.
Се смета дека настанал осигурен случај манифестација или демонстрација ако осигурениот предмет е уништен или оштетен од кој било начин на дејствување на манифестантите, односно демонстрантите (уривање, демолирање, кршење, палење и др.).

**ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД ИЗЛЕВАЊЕ НА ВОДА**
**Член 8**

За излевање на вода, во смисла на овие Услови, се смета:
- излевање на вода од водоводни цевки и од уреди за греење на зградите со топла вода и уреди за парно греење и други уреди и апарати поради оштетување (кршење, прскање или дефект на уредите за управување и сигурност) на тие цевки, уреди и апарати;
- излевање на вода од атмосферска и од фекална инсталација (канализации) поради силен пороен дожд од над 15 литри (или 15 мм) воден талог на 1 м2 настанат со врнење без престан во кус временски период. Количината на дожд мора да се докаже со извештај од Републичкиот хидрометеоролошки завод;
- избивање на пареа од цевки и од уреди за топла вода и за парно греење поради оштетување (кршење, прскање или дефект на уредите за управување и сигурност) на тие цевки и уреди.

Со осигурување не се опфатени штети:

- од излевање на вода од отворени славини, олуци и олучни цевки;
- поради прскање или кршење на цевки и уреди под дејство на мраз што дејствувал во смисла на ставот 2 на членот 9 од овие Услови. Кај овој случај со осигурување не е покриена штетата на самите цевки и уреди;
- поради дотраеност, истрошеност и корозија;
- губење на вода и изгубена добивка;
- поради лошо одржување на водоводни и на одводни (канализациски) цевки и уреди за греење со топла вода, уреди и апарати во објектот што ги изведува осигуреникот, како и немарна или недоволна заштита од смрзнување, запушување и од слични причини настанати на споменатата инсталација и уреди на овие објекти.

**ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД МРАЗ**
**Член 9**

Со осигурување од мраз, во смисла на овие Услови, се опфатени штетите причинети на осигурените предмети со ненадејно дејствување на мраз, како и штетите што би настанале на градежните работи чувствителни на мраз, доколку се преземени соодветни мерки на заштита за работа во зимски услови.
Осигурување од опасност од мраз не ги покрива штетите што би настанале кај градежните работи чувствителни на мраз, кои се изведуваат непосредно пред и во време кога според територијата и временските услови мора да се очекува смрзнување, односно доколку не се преземени соодветни мерки за заштита при изведување на работите во зимски услови.

**ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД МРАЗ И СНЕГ**
**Член 10**

Осигурувањето од мраз и снег опфаќа штети што би биле предизвикани на осигурените предмети со тежина, притисок или со удар на мраз и снег.
Со осигурувањето се покриени само оние штети доколку тежината или притисокот биле поголеми од вредностите од статичката пресметка, односно од оние предвидени по важечките технички прописи.
Штетите од минирање на мраз и снег не се опфатени со осигурување.

**ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД СНЕЖНА ЛАВИНА**
**Член 11**

Под снежна лавина, во смисла на овие Услови, се смета снежна маса во движење што се откинува од планински страни.
Со осигурувањето се опфатени и штети предизвикани со дејствување на воздушен притисок создаден од снежна лавина.

**ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД СЛЕГНУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕ**
**Член 12**

Под слегнување на земјиште, во смисла на овие Услови, се смета вертикалното слегнување на земјиштето под осигурен градежен објект, кое настапува како последица на градежна незгода или геолошко влијание.
Од осигурување се исклучени штетите од слегнување на почва:

- ако до слегнување на земјиштето дошло поради тоа што почвата пред почетокот на градењето не била испитана во поглед на нејзината носивост, а според прописите било задолжително испитување на носивоста на земјиштето;
- доколку до слегнување на земјиштето дошло поради тоа што таа била оптоварена повеќе отколку што било предвидено со проектот.

Со осигурувањето не се покриени ниту трошоците за санирање на земјиштето.

**ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД ГРАДЕЖНА НЕЗГОДА**
**Член 13**

Под градежна незгода, во смисла на овие Услови, се смета непредвиден настан, независен од волјата на изведувачот на работите, кој како последица има уништување или оштетување на осигурените предмети поради:

- грешка во изведувањето на работите;
- деформација и кршење на градежната монтажна опрема;
- пренос или превоз на подрачјето на градилиштето;
- грешка во техничко-претсметковните основи, пресметката и во изработката на нацртот;
- грешки во конструкцијата;
- грешки во материјалот;
- паѓање, удар на предмет или удар на моторно возило и работна машина.

Градежната незгода се смета за непредвидена доколку изведувачот на работите, со оглед на техничкото знаење и можностите на градежната техника, не можел ниту бил должен да ја предвиди.
Не се надоместуваат трошоците за отстранување на самите причини за штетата поради грешките во техничко- претсметковните основи, пресметката, конструкцијата, материјалот и изведувањето.
Нема да се смета дека настапила осигурената непредвидена градежна незгода ако градежниот објект е изведен:

- спротивно на договорот за градба и со недостатоци;
- со употреба на слаб или несоодветен материјал;
- со прекршување на општопризнатите правила на градежната техника, техничките прописи, упатства, нормативи, стандарди или одредби од техничката инспекција;
- со пропуштање на преземање на потребните мерки против нормалните влијанија на временските услови за кои морало да се смета според годишното време и месните услови;
- со примена на проектирање и постапка во изведување работи, конструкција или материјал што не ги испробала или испитала и одобрила некоја овластена организација.

Доколку во текот на работите на изградбата на осигурениот објект или по завршените работи осигуреникот дознае дека дошло до остварување на некоја прикриена или видлива грешка во техничко-пресметковните основи, пресметката, конструкцијата или материјалот, која би можела да предизвика оштетување или уништување на осигурениот објект, осигуреникот е должен на своја сметка да спроведе санација или да ги обнови деловите на објектот на кој би можело да дојде до оштетување. Доколку осигуреникот не ја направи потребната санација или обнова, во смисла на одредбите на овој став, а осигурената опасност се оствари, како последица на грешките, осигуреникот го губи правото на надомест од осигурувањето.

**ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД НЕСМАСНОСТ, НЕВНИМАНИЕ ИЛИ ЛОША НАМЕРА НА РАБОТНИК ИЛИ НЕКОЕ ДРУГО ЛИЦЕ НЕПОСРЕДНО ПОВРЗАНО СО ГРАДБАТА**
**Член 14**

Со осигурувањето се опфатени штетите од несмасност, невнимание или лоша намера на работник или некое друго лице. Несмасност или невнимание, во смисла на овие Услови, се оствариле само доколку осигуреникот комисиски за секој штетен настан утврди дека настанал со несоодветни постапки на некој работник или група работници.
Штетите предизвикани со лоша намера осигуреникот е должен да ги пријави во полиција. За износот за надомест на штета предизвикана од лоша намера, осигурувачот има право на регресно побарување.

**ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД ПОПЛАВА И ПОРОЈ**
**Член 15**

Под поплава во смисла на овие Услови се смета стихиско и неочекувано поплавување на теренот од постојани води (реки, езера, мориња и др.) поради тоа што водата се излеала од коритото или го

пробила одбранбениот насип или браната, излевање на водата поради вонредно висок прилив и бранови со невообичаена сила на море или езеро, и од надоаѓање на вода од вештачки езера.

Под поплава се смета и неочекуваното поплавување на теренот поради нагло создавање големо количество водна маса што настапува како последица на провала на облаци.

Под порој се смета стихиско неочекувано поплавување на теренот со водна маса што се создава на низбрдните терени поради силни атмосферски врнежи и се слева по улиците и по патиштата.

Со осигурувањето се опфатени само штетите предизвикани на осигурените предмети додека трае полавата или поројот и непосредно по повлекувањето на водата.

Со осигурувањето не се опфатени:

- штетите од габички поради влага;
- штетите од слегнување на почва како последица на поплава или порој;
- штетите од поплавување од вода излеана од канализациска мрежа, освен ако до излевање не дошло поради поплава или порој.

**ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД ВИСОКА ВОДА**
**Член 16**

Под висока вода, во смисла на овие Услови, се смета исклучителна појава на невообичаен пораст на водостојот и во неочекувано време.

Обврската на осигурувачот за штетите од висока вода започнува со порастот на високата вода над однапред утврдените месечни коти на водостојот (или протоци) измерени на градилиштето според најблиску поставениот покажувач на водостојот.

При склучување на осигурување, потребно е претходно на градилиштето, во смисла на ставот 2 од овој член, да се утврди од која височина на водата настанува обврската на осигурувачот. Оваа граница за секој месец во годината се наведува во полисата.

**ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД ПОДЗЕМНА ВОДА**
**Член 17**

Под подземна вода, во смисла на овие Услови, се смета неочекуван продор на вода во градежната јама, односно градежниот објект во градба.

Обврската на осигурувачот за штета од подземна вода престанува:

- доколку при градбата на објектот во непосредна близина на постојните води претходно не се спроведени соодветни технички мерки на заштита;
- доколку при изведување на работите во тунелите, рововите и сличните земјени работи нема на градилиштето доволен број подготвителни исправни водни пумпи за црпење на подземната вода, а тој доток на вода, според податоците од претходното хидрогеолошко испитување на теренот, односно според стручните претпоставки во проектот, се сметал како очекуван.

**ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД ЛИЗГАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО**
**Член 18**

Под лизгање на земјиште, во смисла на овие Услови, се сметаат ненадејни движења на површината на земјата на косите терени со јасни манифестации на кршење на површините на земјиштето и одронувања што, со појавата на јаките деформации и на широките пукнатини на градежните објекти, настапуваат во кратки временски периоди.

Со осигурување од лизгање не се опфатени штетите од лизгање на земјиштето доколку не биле преземени сите потребни мерки за заштита што се познати во градежната техника и/или косините не биле изведени во согласност со проектот и со теренските услови.

Со осигурувањето не се опфатени трошоците за санирање на земјиштето.

HALKINSURANCE

**ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД ОДРОНУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕ**
**Член 19**

Под одронување на земјиштето, во смисла на овие Услови, се смета паѓање на земјен материјал на или во осигурениот предмет, доколку притоа го оштети или го затрупа.
Со осигурувањето се опфатени и трошоците за отстранување на одронетиот материјал во широчина од 1 (еден) метар од осигурениот објект.
Со осигурувањето не се покриени трошоците за санирање на земјиштето и затрупување до првобитниот профил на теренот од кој се одронил земјениот материјал.

**ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД ЗАРУШУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕ**
**Член 20**

Под зарушување на земјиште, во смисла на овие Услови, се смета непредвидено и ненадејно кршење на околната карпеста маса и нејзино зарушување во подземните простории. Притоа, земјениот, односно карпестиот материјал, го оштетил или го затрупал осигурениот предмет.
Со осигурувањето не се покриени штети од:
- зарушување настанато од нормални притисоци поради направени пропусти во пресметката или во изведувањето на работите;
- зарушување настанато како последица на постепено деформирање на подградбата поради набабрување на околниот материјал.

Со осигурувањето не се покриени трошоците за санирање на почвата и за затрупување до првобитниот профил на подземната просторија од која се зарушил земјениот, односно карпестиот материјал.

**ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД ОДГОВОРНОСТ ОД ДЕЈНОСТ НА ИЗВЕДУВАЧОТ НА ГРАДЕЖНИТЕ РАБОТИ КОН ТРЕТИ ЛИЦА И КОН НИВНИОТ ИМОТ**
**Член 21**

Обемот на опасност од одговорност на изведувачот на градежните работи кон трети лица и кон нивниот имот се утврдува според Условите за осигурување од одговорност, ако не се во спротивност со овие Услови.
Доколку е осигурен само дел на објектот што се гради или само одделни градежни и занаетчиски работи, осигурувањето не ги покрива, ако не е договорено поинаку, штетите настанати на другите делови на тој објект во градба, или другите градежни и занаетчиски работи што не се осигурени, односно се осигурени со друга полиса.
Со осигурувањето од одговорност не се покриени штетите на постојниот објект на кој се изведуваат работи (адаптација, доградба, реконструкција и сл.).
Осигурувачот кај осигурувањето од одговорност на изведувачот на градежни работи има обврска до сумата на осигурување по настан, која е наведена во полисата.
Доколку не е договорено поинаку, осигуреникот во секоја штета учествува со 10% ( мин 1 000 евра во денарска противвредност).

**ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТИ ВО ГАРАНТЕН РОК**
**Член 22**

Осигурувањето, во смисла на овие Услови, ги покрива штетите на веќе завршениот објект во време на неговото одржување, односно гаранција, кои настанале:
- поради работите и активностите на изведувачот на работите (осигуреникот), кои произлегуваат од договорот за одржување помеѓу инвеститорот и изведувачот на работите;
- во време на гаранцијата, кои имаат своја непосредна причина од времето на градење на објектот, а настанале поради подоц- нежно реализирање на ризиците наведени во членовите 13 и 14 од овие Услови.

HALKINSURANCE

Висината на надоместокот од осигурувањето во случај на оштетување на осигурениот објект се утврдува според вистинските цени на материјалот и на работите во времето на настанување на осигурениот случај, доколку не е договорено поинаку.

**ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД ПРОВАЛНА КРАЖБА**
**Член 23**

Обемот на опасност од провална кражба се определува според Условите за осигурување од опасност од провална кражба и разбојништво, ако не се во спротивност со овие Услови.
Осигурувањето ги покрива штетите од провална кражба на невграден градежен, занаетчиски, инсталациски материјал и опрема што е наменета за вградување во осигурениот објект во градба, под услов невградениот градежен, занаетчиски, инсталациски материјал и опрема што се наоѓаат во заклучени приручни складишта и магацини и постојано ги обезбедува чувар.
Ако изведувачот на работите не ги исполнува условите од ставот 2 на овој член, тогаш просторот каде што се складирани гореспоменатиот материјал и опрема треба да е ограден со доброодржувана ограда во висина од 2 м и да постои постојан чувар.
Доколку при остварување на осигурен случај се утврди дека осигуреникот не исполнува еден од наведените услови од ставовите 2 и 3 на овој член, осигурувачот нема обврска да ја надомести штетата.
Осигурувањето ги покрива и штетите од провална кражба на материјали и опрема што веќе се вградени во објектот во градба, под услов просториите каде што се материјалите и опремата што веќе се вградени да се заклучени и да постои постојан чувар. Доколку при остварување на осигурен случај се утврди дека не постоел постојан чувар или дека просториите не биле заклучени, осигурувачот нема обврска да ја надомести штетата.
Обична кражба не е предмет на осигурување по овие Услови.

**ВРЕДНОСТ НА ОСИГУРЕНИОТ ПРЕДМЕТ**
**Член 24**

Вредноста на осигурениот предмет (сумата на осигурување) ја претставува претсметковната вредност на договорените работи до нивното завршување, вклучувајќи ги материјалите, транспортните трошоци, царинските давачки и даноците, чинењето на градбата и вредноста на услугата, материјалите и средствата набавени од инвеститорот.
За работите што во текот на градбата дополнително се договараат помеѓу инвеститорот и изведувачот на работите (дополнителни работи), осигурената вредност се утврдува според ставот 1 на овој член, доколку нивната вредност не преминува 10% од вредноста на договорот за осигурување. Ако оваа вредност ја преминува оваа граница од 10%, треба да се заклучи дополнителен договор помеѓу осигуреникот и осигурувачот.
Вредноста на осигурениот предмет (сумата на осигурување) од точката 3, став 1 на членот 1 и точките 3, 4, 5, 6 од ставот 2 на истиот член од овие Услови е набавната цена на новиот предмет во време на настанување на осигурениот случај намалена за вредноста на пресметаната амортизација според членот 32 од овие Услови, ако не е договорено поинаку.

**СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ОСИГУРУВАЊЕ**
**Член 25**

Осигурувањето на објектот може да го склучи инвеститорот или изведувачот на работите, односно секој посебно за оној дел за кој има имотен интерес или договорна обврска да го спроведе осигурувањето од опасностите предвидени со договорот.

**МЕСТО НА ОСИГУРУВАЊЕ**
**Член 26**

Место на осигурување е подрачјето на градилиштето со придружните складишта на градилиштето, кои му служат исклучиво на осигурениот објект, ако не е договорено поинаку.

**УТВРДУВАЊЕ НА НАДОМЕСТОК ОД ОСИГУРУВАЊЕТО**
**Член 27**

Висината на надоместокот од осигурувањето се утврдува:

- во случај на уништување - според вредностите на осигурените предмети (член 24) во времето на настанување на осигурениот случај, намалена за вредноста на остатокот;
- во случај на оштетување - во висина на трошоците потребни за враќање во состојба пред оштетувањето по цена на материјалот и работите од договорот помеѓу инвеститорот и изведувачот на работите, намалена за вредноста на остатоците.

Поголемите трошоци за прекувремена работа, ноќна работа, работа на празници, се надоместуваат само ако тоа е експлицитно договорено.

Не се надоместуваат поголемите трошоци за поправка на работите што не биле предвидени со проектот, како: поголеми трошоци поради измена на начинот на изведување на работите или поради спроведување на подобрување, проширување или усовршување во однос на состојбата пред настанување на осигурениот случај и поради потребните засилувања во врска со измената на статичките елементи, па ни тогаш кога тие трошоци се предизвикани со настанување на осигурениот случај.

Остатоците на уништените или оштетени предмети остануваат кај осигуреникот и се пресметуваат според вредноста на денот на настанување на осигурениот случај и според состојбата во која биле веднаш по осигурениот случај.

Се смета дека предметот е уништен и штетата се пресметува според ставот 1, точка 1 од овој член, ако трошоците за поправката ја достигнат вредноста на предметот намалена за вредноста на остатоците на денот на осигурениот случај.

Во секој остварен осигурен случај пресметаниот надоместок се намалува за износот на договореното учество во штета на осигуреникот - франшиза.

Со осигурувањето се опфатени само оние штети што во моментот на настанување на осигурениот случај настанале на самиот осигурен објект или во границите на предвидениот и одобрен проект за тој осигурен објект. Штетите предизвикани надвор од границите на така проектираниот објект не влегуваат во обврската на осигурувачот, доколку не е договорено поинаку.

Ако предметите се осигурени на прв ризик, надоместокот ќе се плати во висина на настанатата штета, а најмногу до договорената сума на осигурување на прв ризик. Одредбите за подосигурување во овој случај не се применуваат.

**НАДОМЕСТОК НА ТРОШОЦИ**
**Член 28**

На име трошоци за расчистување и за уривање во врска со настанатиот осигурен случај, осигурувачот, ако не е договорено поинаку, ги надоместува нужните издатоци за расчистување и за чистење на оштетениот осигурен предмет, а најмногу до 3% од вредноста на осигурениот предмет, погоден со штета. Во трошоците за уривање влегуваат нужните трошоци што договарачот на осигурувањето ги има по настанувањето на осигуре- ниот случај за уривање на преостанатите оштетени неупотребливи делови и за нивно носење до најблиското дозволено место за истовар.

Трошоците за исполнување на дупките преку профилот, предвидени со проектот, кои се потребни за воспоставување на оштетениот објект, односно на работите во првобитна состојба, осигурувачот ги надоместува до договорена сума на „прв ризик”, и тоа од сите штетни настани за времетраење на договорот за осигурување.

Освен трошоците од ставот 1 на овој член, осигурувачот има обврска да ги надомести трошоците во врска со настанатиот осигурен случај што се потребни пред почетокот на отстранување на
штетата (техничката документација со претходни испитувања), но најмногу до 1% од вредноста на осигурените предмети погодени со штетата.

Осигурувачот е должен да ги надомести трошоците, загубите, како и другите штети предизвикани со разумен обид да се отстрани непосредна опасност од настанување на осигурениот случај, како и обидот да се ограничат неговите штетни последици, па и тогаш кога тие обиди останале без успех.

Ако осигуреникот не ја исполни својата обврска за спречување на осигурениот случај или обврската за спасување, а за тоа нема оправдување, обврската на осигурувачот ќе се намали за онолку за колку што е поголема штетата што настанала поради тоа неисполнување.

Вкупниот надомест на име трошоци од ставовите 1 и 3 на овој член и на име надомест од осигурувањето (член 27) не може да ја надмине сумата на осигурување, односно вредноста на осигурениот предмет погоден со штета. Трошоците од ставот 4 на овој член осигурувачот е должен да ги надомести дури и ако заедно со надоместокот на штетата од осигурениот случај ја надминуваат сумата на осигурување.

Нужните трошоци за отстранување и за намалување на штетата направени по налог на осигурувачот се надоместуваат и тогаш кога заедно со надоместокот од осигурувањето (член 27) ја надминуваат сумата на осигурување.

Осигурувачот нема обврска да ги надомести трошоците предизвикани со отстранување на причината на штетата, ниту трошоците на интервенција на противпожарно друштво или на други организации, чија должност, според карактерот на работењето, е да даваат бесплатна помош кога ќе настане осигурен случај.

**УЧЕСТВО ВО ШТЕТА - ФРАНШИЗА**
**Член 29**

Во секој остварен осигурен случај пресметаниот надомест се намалува за учеството во штета од страна на осигуреникот - франшизата (која се запишува во полисата).

**ПОЧЕТОК И ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ОБВРСКАТА НА ОСИГУРУВАЧОТ**
**Член 30**

Обврската на осигурувачот започнува од моментот кога осигурените предмети ќе бидат истоварени на просторот одреден за изведување на работите (градилиштето), односно во складовите на градилиштето, но не пред тоа, како што е предвидено во Општите услови за осигурување на имот.

Осигурувањето престанува со истекувањето на 24 часа од денот што во полисата е означен како ден на истекување на осигурувањето.

Осигурувањето може да се продолжи со тоа што премијата за продолжениот период на осигурување ќе се пресмета во согласност со одредбите на тарифата за осигурување на објекти во градба.

**ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ ВРЗ ОСНОВА НА ДРУГИ ОСИГУРУВАЊА**
**Член 31**

Ако осигуреникот склучил и некое друго осигурување за предметите осигурени по овие Услови, во случај на настанување на штета, надоместокот ќе се исплати врз основа на тие други осигурувања.

Врз основа на осигурувањето на објекти во градба, надоместокот ќе се исплати само ако покритието по тие други осигурувања не било доволно, и тоа до износот на непокриениот дел од штетата.

**ПРЕСМЕТАНА АМОРТИЗАЦИЈА**
**Член 32**

Пресметка на амортизација при утврдување на надоместок од осигурување се врши во согласност со Уредбата за начинот на пресметување на амортизацијата, односно отписот на вредноста на нематеријалните и материјалните средства и за номенклатурата на средствата за амортизација и годишните амортизациони стапки (Сл. весник на РМ бр. 64/2002, 98/2002 и 10/2008 година), со сите нејзини измени и дополнувања.

**ВАЖНОСТ НА ОПШТИТЕ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ИМОТ**
**Член 33**

Доколку не се во спротивност со овие Услови, на осигурувањата склучени според овие Услови се применуваат и Општите услови за осигурување на имот.

**ЗАСТАРУВАЊЕ НА ПОБАРУВАЊАТА**

**Член 34**

Побарувањата на осигуреникот или на корисникот на осигурувањето, односно на трето лице од договорот за осигурување , застаруваат согласно одредбите од Законот за облигациони односи.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**
**член 35**

[1] За односите од договорот за осигурување се применува правото на Република Македонија.
[2] За односите меѓу осигурувачот, договарачот и осигуреникот кои не се договорени во договорот за осигурување, се применува Законот за облигациони односи.

**Постапка по приговори**
Во случај осигурувачот и осигуреникот да не се согласат по однос на обемот и висината на штетата, осигуреникот има право на приговор во рок од 8 дена од приемот на писменото известување од осигурувачот, до Второстепената комисија за решавање на штети по приговор, која е должна во рок од 30 дена да одговори по приговорот.

**Постапка по жалба**
Договорувачот, односно осигуреникот во однос на работењето на Друштвото има право на жалба до Агенцијата за супервизија на осигурување како орган надлежен орган за супервизија на друштвата за осигуруавње.

**Решавање на спорови**
Евентуалните спорови кои би произлегле од договорот за осигурување, договорните страни ќе ги решаваат спогодбено, а доколку до спогодба не дојде надлежен е Основен суд Скопје 2 Скопје.

Овие Услови се донесени врз основа на Овластување на Одборот на директори на Друштво за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје дадено на својата редовна седница на 18.03.2019 година со Одлука бр.0203-04/03 и ќе се применуваат од 01.04.2019 година.